Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 август 2024 година

Скопје, август 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Дванаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 август 2024 година**

Седницата започна во 13:45 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Андријана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Светлана Кузмановска и Ирена Јованова - Поповска, претставници од Секретаријатот за законодавство, д-р Беким Максути, директор на Дирекцијата за заштита и спасување и Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан

Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 6-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2024 година

1. Записник од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 12 август 2024 година, со Записник од Третата седница на Групата за процена, одржана на 12 август 2024 година, со предлог-одлуки

2. Информација за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за обезбедување ресурси при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

3. Информација за зголемување на буџетот на Дирекција за заштита и спасување за подмирување на трошоците направени за гасење на пожарите

4. Информација за продолжување на дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотен бран за 15 август 2024 година

5. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 25 јули 2024 година до 31 јули 2024 година

6. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здрвјето и имотот на населението, за период од 1 август 2024 година до 7 август 2024 година

7. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 2 јули 2024 година до 8 јули 2024 година

8. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 јули 2024 година до 5 август 2024 година

9. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 јули 2024 до 2 август 2024 година

10. Кадровски прашања

11. Прашања и предлози

12. Информација од извршените преговори за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Хрватска за периодот 2024-2026 година

13. Информацијата за потребата од склучување на меморандум за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија

14. Информација за подготовка на Нацрт реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 13.8.2024 година

15. Информација за потребата од донесување на одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Нотарската тарифа за изменување и дополнување на Нотарската тарифа бр.41-1301/9 од 6.6.2024 година на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.120/24), со Предлог-одлука

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2024 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 12 август 2024 година, со Записник од Третата седница на Групата за процена, одржана на 12 август 2024 година, со предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 12 август 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка при гасење на пожарите.

5. Се задолжува Министерството за здравство и здравствениот персонал од општа и медицина на трудот да бидат во приправност за времетраењето на кризната состојба.

6. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства доколку за тоа се покаже потреба.

7. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

8. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, а

врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

9. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

10. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со пожарите, како и целосен преглед на расположливи човечки и материјално – технички ресурси и план за координирано дејствување.

11. Во случај на потреба заради справување со кризната состојба да се координира и организира учество на меѓународни организации, институции и поединци.

12. Во врска со употребата на ресурсите на органите на државната управа и управување со ресурсите во случај на кризна состојба, согласно член 32 од Законот за управување со кризи, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата ја донесе Одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, со заклучок во основот на Одлуката, да се впише бројот на Службениот весник, во кој што ќе се објави Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија и членот 6 да се преработи во смисла, Одлуката да влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

Со цел операционализација на оваа одлука, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за одбрана покрај употребата на ресурсите во течно гориво за воздухоплови за сопствените хеликоптери за остварување на активностите во кризната состојба да обезбеди и полнење со течно гориво за воздухоплови и на странските хеликоптери и нивно непречено дејствување за времетраење на нивната мисија во Републиката.

2) Се задолжува Министерството за внатрешни работи покрај употребата на ресурсите во течно гориво за воздухоплови за сопствените хеликоптери за остварување на активностите во кризната состојба да обезбеди и полнење со течно гориво за воздухоплови и на странските хеликоптери за времетраење на нивната мисија во Републиката.

3) Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување покрај употребата на ресурсите во течно гориво за воздухоплови за сопствените авиони за остварување на активностите во кризната состојба да обезбеди и полнење на странските авиони со течно гориво за воздухоплови и нивно непречено дејствување за времетраење на нивната мисија во Републиката.

4) Се задолжува Центарот за управување со кризи да обезбеди координација, сместување, исхрана и локален транспорт за странските воздухопловни посади и на друг странски персонал за времетраењето на нивната мисија во Републиката, како и на други дополнителни потреби на странските воздухоплови и посади и на друг странски персонал.

5) Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства за надомест на употребените ресурси во течно гориво за воздухоплови за справување со кризната состојба и за поддршка на странските воздухоплови и посади и на друг странски персонал како земја домаќин на Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумска полиција и Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје во соработка со Центарот за управување со кризи да преземат координирани мерки и активности за спречување на појава на нови пожари, согласно актуелните наредби за забрана на движењето на лица во шумите и шумските појаси.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно доделување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за обезбедување ресурси при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да обезбеди средства во вкупен износ од 10.500.000,00 денари од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, за обезбедување ресурси за сместување, исхрана и локален транспорт, како и други дополнителни потреби на странските воздухоплови и посади кои може да произлезат за време на престојот на посадите од странство согласно Одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/24).

За таа цел, Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на буџетот на Дирекција за заштита и спасување за подмирување на трошоците направени за гасење на пожарите, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да обезбеди дополнителни 41.000.000,00 денари од резервите на Буџетот за 2024 година на Дирекцијата за заштита и спасување, за што е потребно да подготви соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотен бран за 15 август 2024 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ослободување од работни обврски за најралнивите групи на населениението: бремените жени и лица на возраст над 60 години за 15 август 2024 година (четврток).

Во истиот период, работодавачите да ги реорганизираат работните активности на градежните работници и на работниците кои работат на отворено, со тоа што ќе се избегне вршење градежни и други работни активности на отворено во период од 11:00 до 17:00 часот.

2. Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавачите на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

3. Во установите за згрижување на децата (градинки) да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во период од 11:00 до 17:00 часот.

4. Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Северна Македонија и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомници.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење

со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 25 јули 2024 година до 31 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 1 август 2024 година до 7 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 2 јули 2024 година до 8 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 30 јули 2024 година до 5 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република

Северна Македонија, за период од 27 јули 2024 година до 2 август 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

По однос на оваа точка од Дневниот ред немаше предлози.

**Точка 11**

Владата по повод одбележувањето на 18 Август, Ден на Армијата на Република Северна Македонија, заклучи на церемонијата за положување цвеќе на гробиштата Бутел, на 16 август 2024 година (петок), со почеток во 8 часот, Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија, да биде во состав:

- м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација,
- Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и
- Ален Деребан, заменик на министерот за правда.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата од извршените преговори за склучување на План за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Хрватска во областите на здравството и медицината за периодот 2024-2026 година, со усогласен текст на План и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Хрватска во областите на здравството и медицината за периодот 2024-2026 година.

2. Се овластува д- р Арбен Таравари, министер за здравство, да го потпише Планот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Хрватска во областите на здравството и медицината за периодот 2024-2026 година.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од склучување на меморандум за соработка со International Hospital Group од Лондон, Британија, поради потребата истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, потребно е предлагачот во прилог на материјалот да обезбеди мислење од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Нацрт реформската агенда 2024-2027, во рамки на Планот за раст за земјите од Западен Балкан, со статус 13.8.2024 година, ја усвои и го задолжи Министерството за европски прашања да ја дополни индикативната листа на проекти со предлог проектот на Министерството за образование и наука пред финалното одобрување на Реформската агенда од Владата.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на одлука за престанување на важење на Одлуката за давање согласност на Нотарската тарифа за изменување и дополнување на Нотарската тарифа бр.41-1301/9 од 6.6.2024 година на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.120/24), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Нотарската тарифа за изменување и дополнување на Нотарската тарифа.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Хасим Муртезани**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**